ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА



ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК

Август 2021

Врз основа на член 24 од Статутот на Федерацијата на училишен спорт на Македонија (ФУСМ), Извршниот одбор на ФУСМ на седницата одржана на 17.08.2021 година, го донесе следниот

ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК

ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Дисциплинскиот правилник на ФУСМ (во понатамошниот текст - Правилник) ги пропишува дисциплинските прекршоци (во понатамошниот текст - прекршок), санкциите за пропишаните дисциплински прекршоци и постапката за утврдување на дисциплинскиот прекршок и сторителот на прекршокот, како и постапката за изречување санкции на натпреварувачите, претставниците на раководните органи и тела како и сите членови на ФУСМ

Член 2

Натпреварувач е лице кое еднаш е регистрирано во системот на натпреварувањата на ФУСМ.

Член 3

Времетраењето на натпреварувањето одредено со други акти на ФУСМ,
како и времето на поаѓање и заминување на натпреварувачките и одговорните лица на натпреаварувањата во местото и од местото на натпреварувањето.

Член 4

Одговорни лица на натпреварувањето се:

- официјални лица, службените лица и другите одговорни лица на натпреварувањето.

Официјални лица се:

- делегатот, водачите на екипите, помошниците на водачите, судиите, членовите на судиското жири, членовите на првостепената и второстепената комисија за жалби, а на натпреварувањето вон земјата водачот на патот, неговиот заменик, лекарот и физиотерапевтот.

Службени лица на натпреварувањето се: записничарот, спикерот, членовите на жирито за доделување на наградите и признанијата, лицата што ги одржуваат борилиштата, редарите во салата и вон неа, полицајците.

Други одговорни лица на натпреварувањето се: членови на органите и телата на општинските сојузи, членови на И.О.на ФУСМ, членови на други сојузи и федерации.

Член 5

Прекршок е сторено недозволено дело (извршено или неизвршено дело) кое со овој Правилник како и Правилникот за натпревари и Кодексот за однесување, е санкционирано и пропишано како прекршок.

Член 6

Ако се сторени повеќе прекршоци ќе се изрече казна за секој прекршок.

Член 7

Дисциплинска постапка не може да се покрене ако од моментот на извршување на прекршокот до моментот на поднесувањето на пријавата изминало повеќе од еден месец, а за прекршокот сторен вон земјата по истекот на три месеци.

За повреди на Правилникот за материјално финансиско работење ќе се применуваат општите прописи.

КАЗНИ И НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ
ВИД НА КАЗНИ

Член 8

За прекршоците предвидени со овој правилник можат да си изречат следните казни:

1. За натпреварувачите
- опомена, јавна опомена и укор;
- забрана на настап на одреден број на натпревари во одреден степен или времена дисквалификација.
2. За одговорните лица
- опомена, јавна опомена и укор;
- забрана за вршење на функција на одредено време;
- доживотна дисквалификација.
3. За официјалните лица
- опомена, јавна опомена и укор;
- забрана за вршење на функција на одредено време;
- забрана за вршење на сите функции на одредено време;
- доживотна дисквалификација.
4. За стручните лица
- опомена, јавна опомена и укор;
- забрана за вршење на сите функции на одредено време;
- доживотна дисквалификација;
5. За Училишните спортски клубови,претседателот и нивните членови
- опомена, јавна опомена и укор;
- забрана за вршење на одредени функции на одредено време;
- забрана за натпреварување на одредено време.
- забрана за финансиска трансакција или парична помош од било кој орган на Федерацијата на училишен спорт на одредено време.
- доживотна дисквалификација

6. За Училиштето поради прикажување на лажни податоци за натпреварувачите или одговорните лица
- забрана за натпреварување на одредено време
- доживотна дисквалификација

7. За општинските сојузи и членовите на нивните извршни одбори
- опомена, јавна опомена и укор;
- забрана за вршење на одредени функции на одредено време;
- распуштање на општинските сојузи

8. За претседателот и членовите на И.О. на ФУСМ на Р.М.
- опомена;
- разрешување од функцијата;
- трајна забрана за вршење функции во Федерацијата;
- исклучување од ФУСМ

Член 9

Казната за забрана на учество на натпреварувањето не може да биде пократка од еден месец ниту подолга од пет години.

Член 10

Казната за забрана на настап на учесник на натпреварувањата може да се изрече и за одреден број на натпревари.

Член 11

Казната одземање на бодови може да се изрече со одземање од 2 до 6 стекнати бодови. За оваа казна,мора писмено да се произнесе натпреварувачката комисија.

Член 12

Казната исклучување од натпреварувањето се однесува за натпреварувач, официјално лице, целата екипа или училиштето.

Член 13

Доколку се изрече казната забрана на вршење на сите функции во ФУСМ, за тоа време натпреварувачот или одговорното лице не може да врши никаква функција од Органите на управата во ФУСМ.

Член 14

Забраната за вршење на функции на официјално лице се состои во забрана на вршење функции делегат, судија, водач на екипа или официјален лекар. Оваа казна не може да биде пократка од 1 месец ниту подолга од 5 години

Член 15

Доживотна дисквалификација и исклучување од ФУСМ повлекува забрана за секаква работа (активност) во ФУСМ и учество на училишни спортски натпревари и има трајно дејство.

Член 16

Натпреварувачот кој со зборови или гест на спортски терен, сала ќе изрази незадоволство од одлука на судија, делегат, лекар или друго службено или официјално лице или кој во текот на натпреварувањето непристојно се однесува кон публиката,противничките играчи и официјалните лица, а се со цел да предизвика неред и прекин на натпреварувањето ќе се казни со времена дисквалификација. За повторување на прекршокот на државен или меѓународен натпревар ќе се казни со забрана трајна дисквалификација.

Член 17

Официјалното лице кое неспортски реагира ќе се казни со забрана за вршење на функција на официјално лице со времена мерка. За повторување на прекршокот на државен или меѓународен натпревар во зависност од степенот на прекршокот, може да се казни со трајна дисквалификација.

Член 18

Натпреварувачот кој пред, во текот и по завршувањето на натпреварот одбие да се поздрави со противникот или одбие да го прими медалот или признанието ќе се казни со забрана на настап на два наредни натпревари во поединечна или екипна конкуренција. За повторување на прекршокот, ќе се казни со забрана на настап на 10 наредни натпревари во поединечна или екипна конкуренција.

За истиот прекршок сторен од официјално лице-водач на екипа, се казнува со забрана на учество на училишни натпревари од 1 година, а при повторување на прекршокот се казнува со забрана од 3 години.

Член 19

Натпреварувачот или официјалното лице на неговата екипа кое за време на натпреварувањето или за време на заминувањето на натпреварувачите или на официјалните лица од местото на натпреварувањето со зборови или гест го навредуваат противникот, официлајно или службено лице или пак друго одговорно лице на натпреварувањето или за време на траењето на натпреварувањето, натпреварувачот ќе се казни со забрана на настап до 6 месеци или за одреден број на натпревари, а официјалното лице со забрана на вршење на сите функции до 2 години.

Член 20

Натпреварувачот кој ќе настапи за времетраењето на суспензијата или казната за забрана на натпреварување ќе се казни со забрана за настап до 2 години.Резултатот кој ќе го постигне екипата за која настапил суспендиран играч ќе ја изгуби својата важност.Екипата противник ги зема службено бодовите за победа. Доколку пријавата е стигната покасно,а екипата за која настапувал суспендиран играч учествувала на натпреварување од повисок ранг (зонско,регионално или државно),ќе се поништат резултатите од последното натпреварување,но не и од претходното.

Член 21

Официјално лице-водач на екипа чиј натпреварувач ќе настапи без натпреварувачка книшка или во истата се внесени неточни податоци и дозволи неговиот натпреварувач да се натпреварува со лажни податоци, се казнува со забрана за учество на училишни натпревари како и во сите активности на ФУСМ до 5 години.

Член 21а

Одговорното лице кое ќе прикаже лажирани резултати и постигнувања, за натпреварувања на општинско, зонско, регионално, државно или меѓународно ниво, од областа на училишниот спорт, ќе биде казнето со забрана за учество во натпревари и извршување на било каква функција во Федерацијата на училишен спорт во времетраење од 2 години до 5 години.

Член 22

Член на Извршниот одбор кој без овластување ја застапува ФУСМ или без овластување упати допис и телеграма во име на ФУСМ ќе се казни со забрана за вршење функции до 2 години.

Член 23

Официјалното лице кое ќе одобри почеток на натпреварување иако организаторот не обезбедил пропишани услови и терени ќе се казни со времена забрана на вршење на должноста.

Член 24

Официјално лице кое неоправдано и со намера ќе задоцни на натпреварувањето или на истото со намера не се појави, ќе се казни со забрана за вршење на должноста во ФУСМ до 1 година.

Со истата казна ќе се казни и судијата кој присуствува на мечот,а на покана на делегатот одбива да суди и за тоа писмено да се извести судиската организација од соодветната спортска федерација.

Член 25

Делегатот кој нема да го прекини натпреварувањето кога е должен да го стори тоа ќе се казни со забрана за вршење на функцијата делегат до 1 година.

Член 26

Судија кој при вршењето на својата должност на натпреварот, очигледно постапува против прописите или очигледно ја толерира неспортската и непрописната борба на натпреварувачите ќе се казни со забрана за вршење на функција официјално лице-судија, до 1 година.

Член 27

Натпреварувачка екипа која ќе го напушти натпреварувањето или ќе предизвика прекин ќе се казни со забрана за настап во времетраење до 1 година (сезона).

НАДЛЕЖНОСТ И ПОСТАПКА

Член 28

По овој Правилник води дисциплинска постапка и одлучува дисциплинската комисија.

Член 29

Дисциплинската комисија ја формира И.О. на ФУСМ и брои 4 /четири/ члена од кои еден претседател и двајца членови, како и нивни заменици, кои се избираат од редот на членовите-делегати на Собранието на Федерацијата. Во случај на нерешено гласање,одлучува гласот на Претседателот на Дисциплинската комисија.

Член 30

По жалби на одлуки на дисциплинската комисија на ФУСМ решава извршниот одбор на ФУСМ.

Член 31

Дисциплинска постапка се поведува врз основа на пријава или по службена должност. Пријава може да поднесе секое заинтересирано лице или член на ФУСМ.

Член 32

При актот на донесување на дисциплинска мерка,дисциплинската комисија ќе пристапи кон обезбедување на докази по добиената пријава од официјалните лица на натпреварот,учесниците,како и одговорните од местата од каде што доаѓа пријавата.

Член 33

Започнатата дисциплинска постапка мора да започне и се изврши во рок од 3 месеци.

Член 34

Дисциплинската комисија одлучува во форма на одлуки кои мора да се писмено сочинети и која содржи:

- име и состав на комисијата во времето на донесување на одлуката;
- против кого се донесува одлуката;
- опис на прекршокот, негово обележје и име;
- изречената дисциплинска мерка;
- поука за правен лек.

Писмената одлука се доставува препорачано до сторителот на прекршокот или се објавува во гласилото на ФУСМ.

Член 35

Против првостепената одлука може да се поднесе жалба до второстепениот орган во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Член 36

Одлуката донесена на второстепениот орган Извршниот одбор на ФУСМ е конечна одлука:

- жалбата се одбива и првостепената одлука се потврдува;
- жалбата се усвојува и предметот се враќа на првостепениот орган на повторно одлучување;
- жалбата се уважува.

Исклучително кога е изречена казна доживотна дисквалификација, жалба може да се поднесе и на одлуката на второстепениот орган, а по неа ќе одлучува Собранието на ФУСМ.

Оваа жалба нема суспензивно дејство и не го задржува извршувањето. Рокот за поднесување на оваа жалба е 15 дена од денот на приемот на одлуката на второстепениот орган.

Член 37

Поради обемноста на настаните кои ги организира Федерацијата на училишен спорт,за се што не е предвидено со овој дисциплински правилник или кодексот на однесување,дисциплинската комисија ќе носи одлуки согласно со пријавата која пристигнала за изрекување на дисциплинска мерка.

ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Член 38

Повторување на постапката може да се изврши ако се докаже дека правосилната одлука е заснована на невистинити докази или пак постојат нови факти и нови докази кои би можеле да влијаат на одлуката, а за кои сторителот на прекршокот не знаел претходно.

Член 39

Предлог за повторување на постапката можат да поднесат:

- казнетиот
- општинскиот сојуз на кој е член казнетиот
- дисциплинскиот орган кој донел одлука на казна во прв степен.

Предлог за поднесување на барање за повторување на дисциплинска постапка може да се поднесе во рок од 1 месец од денот на изречувањето на правосилната пресуда

БАРАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА

Член 40

Против правосилна одлука на дисциплинските органи може да се поднесе барање за заштита на законитоста ако е повреден дисциплинкиот правилник.

По барање за заштита на законитоста решава И.О. на ФУСМ. Барање за заштита на законитоста може да се поднесе во рок од 1 месец по изречувањето на правосилната одлука.

Член 41

Вонредно ублажување на казната.

Врз основа на молбата на казнетиот, Органот кој што ја донел конечната одлука, може да го ослободи од казна, да ја ублажи или преиначи казната, во колку утврди дека постојат нови околности кои битно би влијаеле на донесувањето на ваквата одлука, односно издржаниот дел од казната би имал воспитно дејство на казнетиот и дека е остварена целта на казнувањето.

Молба за вонредно ублажување на казната може да се поднесе по издржување на една половина од казната. За најтешките казни, доживотна дисквалификација, во исклучителни ситуации нема временски рок.

Член 42

И.О. на ФУСМ задолжително издава упатство и толкувања во случаите и ситуациите кои не се опфатени со овој правилник, а врз начелото на аналогија и користењето на позитивни законски прописи кои ја регулираат соодветната материја.

Член 43

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување а ќе се применува од сезоната 2020/2021 година.

Член 44

Измени и дополнувања на овој Правилник, се вршат на начин и по постапка како и за неговото донесување.

ФЕДЕРАЦИЈА ЗА УЧИЛИШЕН
СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

Претседател,
Проф.д-р Александар Туфекчиевски